Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 12.03.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: бул. "Партизанска", ул. "Партизанска" крак и пешачка патека, ул "Борис Кидрич", ул. "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив/, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на урбанистичка документација за за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: бул. "Партизанска", ул. "Партизанска" крак и пешачка патека, ул "Борис Кидрич", ул. "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив/, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А, Д, Е. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени во ГУП, ДУП и Измена и дополна на ДУП, во границите на градежниот опфат на општина Штип. Предметниот простор со површина од (10 749,28 м2) градежно претставува изграден простор и содржини со основна намена по ГУП домување. Овој опфат е градежно ангажиран и изграден, но нуди можности за надградба и изедначување на висината на објектите со соседните објекти во непосредно опкружување. Бидејки планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот на планската документација, новопланираната урбанистичка документација на планскиот опфат се планираат градежни парцели главно со намена домување.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-1096/3
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов